АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-256/1
10.05. 20 19 год.
СКОПЈЕ

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-552/1
10.05. 20 19 год.
СКОПЈЕ

Агенција за енергетика
на Република Македонија

**Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија**

**Агенцијата за енергетика на Република Македонија**

Со цел развој и соработка во делот на инженерството и енергетиката, а во согласност со заедничките интереси на двете институции, Агенцијата за енергетика на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција), и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора), во Скопје го потпишуваат следниот:

# МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на заедничкото делување и реализација на цели од заеднички интерес, на следните начини:

- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората и Агенцијата особено во процесот на изготвување на предлог документи или мерки за развој на енергетскиот сектор во Република Македонија.

- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија и Агенцијата во активности или во настани кои ќе третираат теми од областа на инженерството и енергетиката во Република Македонија.

- Учество во заеднички проекти во областа на високото образование, истражувачки проекти, проекти од областа на енергетиката, како и заштита на интересите на овластените архитекти и овластените инженери при вршењето на работите од нивен домен на професионално делување.

- Реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и сл.) на теми поврзани со инженерството и енергетиката.

- Други активности неспомнати погоре за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на меморандумот.

Овој меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

**Скопје, 5.10.2018 година**

| | |
|---|---|
| **потпис и м.п.** | **потпис и м.п.** |
| **Проф.д-р Миле Димитровски** | **Нехри Емрула** |
| **Претседател** | **директор** |
| Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија | Директор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија |